Funded by the European Union and the Council of Europe

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Implemented by the Council of Europe

# EVALUATION OF THE COUNCIL OF EUROPE AND EUROPEAN UNION JOINT PROGRAMME 'ROMED'



# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ
## ТЕТОВО

creda consulting
Creative Development Alternatives

blomeyer & sanz European value(s)

ROMED
Médiation pour les Roms
Mediation for Roma

# „ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛОВЕНСКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, Тетово

*Општината Тетово претставува многу добар модел на стратегиска синергија на поврзување на локалните ресурси за развој и имплементација на стратегиите за инклузија на Ромите за политика и можности за финансирање што ги предвидуваат националните програми. Отвореноста и посветеноста на локалната администрација на инклузивните политики за Ромите, заедно со капацитетот на организацијата за национална поддршка ROMED (невладина организација на Ромите „Сонце“) да ја развива и да ја организира Групата за акција во заедницата (ГАЗ), се двата главни фактора за успехот на процесот ROMED2. Започнатите иницијативи не се фрагментирани, туку се водени во согласност со конзистентна визија и стратегија на Општината. Таа е развиена во консултација со граѓанското општество и организирана е околу централниот приоритет за зголемен пристап до образованието за децата и за младите Роми како инвестиција во одржливоста на инклузијата на Ромите во Тетово.*

## Контекст: Проблеми и можности

Општина Тетово е една од најстарите и најголемите општини во „поранешна југословенска Република Македонија“, лоцирана во северозападниот дел од земјата. Тетово, кое претставува општински центар, се смета за еден од најразвиените градови во земјата, со развиен приватен сектор и со два универзитета - Тетовскиот државен универзитет каде што студентите учат на албански и на македонски наставен јазик и Универзитетот на Југоисточна Европа.

Според последниот попис во 2002 година, Тетово има 86.580 жители од различна етничка припадност, а мнозинството се етнички Албанци. Во Општината има 2.357 жители Роми. Врз основа на интервјуа со локалната администрација и со претставниците на „Сонце“, во моментов популацијата во градот се проценува на многу повеќе од 100.000, при што се проценува дека од 4.000 до 5.000 жители се Роми.

Ромите живеат во шест различни населби во Тетово. Пет од овие населби имаат мешани жители од различна етничка припадност, главно, Роми, Македонци, Албанци и Турци. Во населбата Красниќи живеат само Роми. Таму живеат околу 50 лица во бедни услови, без вода или канализација и со неасфалтирани улици.

Според разговорите со локалните претставници на Ромите, главниот доход на Ромите од Тетово доаѓа од роднините што живеат и работат во Западна Европа. Повеќето Роми работат во локалните текстилни фабрики, иако во моментов голем број се невработени поради намалувањето на капацитетите на овие индустрии како резултат на конфликтите во минатото. Во текот на кризата во 2001 година имало бран на имиграција на Роми во Тетово од други делови на земјата. Овие Роми биле добро прифатени од Македонците и од Албанците бидејќи се сметало дека тие не зазеле ниедна страна во конфликтот.

Локалната администрација во Тетово е многу отворена кон работата со ромските невладини организации и активни граѓани во заедницата. Самиот градоначалник во минатото работел како дел од невладиниот сектор. Постојано се прават напори за развој на стратегиски интервенции во областа на инклузијата на Ромите врз основа на консултативен процес со нив. Исто така, ова е поддржано и со националната политика

за поддршка на приоритетите за инклузија на Ромите, како и мобилизација на значајните средства што се алоцирани за тоа.

Во Тетово функционираат неколку ромски невладини организации. Асоцијацијата на Ромите „Сонце", организација за национална поддршка за имплементација на програмата ROMED2, е најистакната организација што се занимава со инклузија на Ромите во општината, со нивно признавање од локалните власти и од ромската заедница. Заедницата на Ромите во Тетово формирала фудбалски тим што, главно, е составен од играчи Роми. Во секоја населба постои фудбалски тим и годишно се организираат неколку турнири, посебно на 8 април кога се прославува Меѓународниот ден на Ромите.

### Група за акција во заедницата

Групата за акција во заедницата (ГАЗ) е основана како дел од програмата ROMED2 на крајот на 2013 година. Во групата членуваат 14 лица, а само три се жени. Централната група што често се состанува има осум лица. Повеќето членови на ГАЗ работат на различни иницијативи што со години ги организира „Сонце" и групата добива исклучителна поддршка од оваа НВО, односно од нејзините лидери. Групата за акција во заедницата ја користи канцеларијата за организирање на состаноци, како и кои било други ресурси што може да ги обезбеди за активностите на групата.

Стратегиското и оперативното вградување на ГАЗ во севкупната работа на „Сонце" претставува клучен фактор во развојот и во одржливоста на ГАЗ. Организацијата има повеќегодишно искуство, добро развиена структура и многу добра репутација во заедницата на Ромите и кај локалните власти. Со ова се отворени повеќе врати за ГАЗ и за процесот ROMED2 и се помага зголемувањето на капацитетот на групата.

Групата е многу активна и таа е информирана за достапните опции за решавање на специфичните проблеми во заедницата на Ромите. Нејзините членови имаат многу добри односи со претставниците на локалните власти и добра репутација во рамките на заедницата на Ромите. Главна мотивираност на членовите за приклучување кон ГАЗ е дека групата обезбедува платформа да комуницира директно со претставниците на локалните институции и заедно планираат локални програми и проекти.

### Интеракција меѓу ГАЗ и локалната влада

Градоначалникот на Тетово има исклучително минато искуство во работата во невладиниот сектор и запознаен е со „Сонце" благодарејќи на повеќегодишната соработка со организацијата. Гледано од оваа перспектива, ROMED2 беше активиран во средина што беше отворена и подготвена за процесот што е сугериран од програмата.

Општината ги смета ГАЗ и националната организација за поддршка ROMED за рамноправни партнери и се потпира на редовните средби со нив за формулирање на проблемите и за заедничко барање решенија. Групата за акција во заедницата, „Сонце" и локалната администрација се среќаваат еднаш месечно. Исто така, постои постојана комуникација меѓу лицето за контакт во Општината и ГАЗ и и „Сонце". Таа помага во постигнувањето ефикасен процес на соработка и адаптација на приоритетите во согласност со долгорочните и со новите краткорочни потреби.

Еден од главните резултати на оваа плодна соработка е тоа што Општината назначила Роми во локалната администрација, како и за работа на различни проекти и програми. Тоа е одговорот на приоритетот идентификуван од ГАЗ во Заедничкиот план.

Еден од главните долгорочни приоритети на Општината претставува образованието на Ромите. Општината има долгорочна образовна стратегија што е развиена во консултација со ГАЗ и со организацијата за национална поддршка ROMED. Преку оваа стратегија Општината развила образовни програми за деца од четврто до осмо одделение, за средношколски ученици, како и за зголемување на писменоста на возрасните и стручно образование. Овие програми се поддржани со средства од Министерството за образование. Една од главните придобивки е тоа што на учениците Роми им биле дадени 150 стипендии по завршувањето на средното образование со посебна стручна спецификација, а тоа, од друга страна, им обезбедило вработување. Исто така, критериумите за квалификуваност се така приспособени за да се зголеми запишувањето на децата и на младите Роми во училиштата.

Општината и претставниците на ГАЗ, исто така, заедно активно работат на намалувањето на бројот на деца што питаат на улица.

Од градскиот буџет се алоцирани средства за културни и за образовни активности на заедницата на Ромите што се потрошени во консултација со претставниците на ГАЗ и на „Сонце“. Планирани се и активности за унапредување на културната интеракција меѓу различни етнички групи. На 8 април Општината им дозволила на претставниците на заедницата на Ромите и на претставниците на ГАЗ да го развеат ромското знаме пред Општината.

### Резултати и влијание во заедниците

Добрата соработка меѓу претставниците на ромската заедница и претставниците на локалните власти резултира со видливи остварувања во процесот на инклузија на Ромите. Еден од главните резултати претставува долгорочната образовна стратегија што е изработена во консултација со ГАЗ и со „Сонце“, со посебен фокус на средното и на стручното образование, поддржано со конкретни алокации што се обезбедени од локалниот буџет и од проектите за имплементација на предвидените мерки. Локалната администрација, ГАЗ и „Сонце“ заедно сметаат дека унапредувањето на образованието е значајна инвестиција во одржливоста на процесот на инклузија на Ромите во Општината.

Образовните активности, почнати од Општината, како што се именувани тутори во училиштата и во градинките, како и наведените стипендии за учениците Роми во средното образование, со посебна стручна ориентираност и изменети критериуми за влез, веќе успеале драстично да го намалат бројот на учениците што го напуштаат училиштето. Иако севкупната стапка за тоа во земјата изнесува 30%, во оваа Општина таа е меѓу 12% и 15%.

Друг успех со видливо влијание врз заедницата на Ромите во Тетово претставува поддршката за културните и за социјалните активности. Финансирањето предвидено за културни активности дава можност да се зголеми вклученоста на заедницата така што

ќе се организираат настани што ги обединуваат луѓето околу културните прашања и прослави. Постигнат е договор поранешниот културен центар во центарот на Тетово да се трансформира во ромски културен и образовен центар. Откако стариот културен центар ќе се пресели во новата зграда, старата зграда ќе ѝ биде достапна на организацијата за национална поддршка на ROMED и на ГАЗ за спроведување културни, образовни и социјални активности со различни групи од заедницата на Ромите. Во културниот центар на Ромите, исто така, ќе бидат сместени и други структури што работат на прашањата на Ромите, како што е Канцеларијата за информации за Ромите.

### Лекции за иднината

Процесот ROMED2 беше многу успешен во Општина Тетово: Главните фактори на успех се отвореноста на локалната власт и достапноста на вештиот градоначалник, како и добро развиената ромска организација „Сонце" околу која е формирана ГАЗ. Во некои нови лекции и потреби за иднината се опфатени:

- ***За секоја локација исклучително е важно да има локална администрација што е отворена за работа и за консултации со ромските организации и групи и која има јасна визија и долгорочна стратегија за работа со ромската заедница.*** За развој на таква долгорочна визија и посветеност е потребно силно граѓанско општество - локални ромски невладини организации во партнерство со ГАЗ што функционираат во стратегиска синергија наместо паралелни структури.
- ***Присуството на активни и добро образовани Роми и локалните ромски организации што работат на специфични случаи може да послужат како силна мрежа за поддршка за организирање и развој на ГАЗ.*** Тие може да ја зголемат легитимноста на овие групи благодарејќи на нивната претходна добра работа со локалната власт. Креирањето групи за акција во заедниците околу различни прашања или за севкупен процес на планирање може да ја зголеми поддршката за овие организации во рамките на ромските заедници и посоодветна презентација на нивните потреби и интереси. Постоењето на организирани групи во рамките на ромската заедница што функционира како мрежа гарантира успешна имплементација на политики и на програми чија цел е решавање на специфични проблеми на заедницата на Ромите.
- ***Друг главен фактор за успех е обидот за создавање синергија меѓу ROMED2 и другите достапни програми во „поранешна југословенска Република Македонија".*** Постоењето на национални програми послужи како стимул за алоцирање на средства од локалните буџети. Поврзувањето на средствата од националните програми со средствата од локалните буџети претставува јасен индикатор за политичката волја да се решат проблемите со кои се соочува ромската заедница.

Постои висок потенцијал за одржливост на локалните процеси што се иницирани во Тетово. И Групата за акција во заедницата и локалната администрација ѝ се посветени на натамошната заедничка работа. Гаранција за оваа одржливост ќе биде „Сонце" со својата добро развиена структура и позиција во Општината. Меѓутоа, постои видлива потреба за поддршка на одржливоста на процесот во неколку насоки:

- ГИЗ има потреба од дополнителна поддршка за да им стане полноправен партнер на локалните институции. Ова се луѓе што доаѓаат директно од ромската заедница и треба да се зогати нивниот капацитет да бидат во можност активно да работат на развојот на локални политики и програми за Ромите.

- Очекуваното примопредавање на зградата во центарот на градот на ГАЗ и на „Сонце‟ ќе овозможи развој на социјални, образовни, културни и на други активности. Групата за акција во заедницата ќе има потреба од поддршка од олеснувачите и од организацијата за национална поддршка ROMED за развивање долгорочна стратегија за употреба на овој центар, а тоа ќе биде направено во тесна соработка со различни интересни групи во заедницата.
- Инклузијата на жените во иницијативите во Тетово беше помалку видлива. Тоа нема да се случи само по себе поради специфичностите на локалните ромски заедници. Ќе биде важно да има целна стратегија и иницијативи за да се стимулира учеството на жените во активностите во Тетово.
- Постои потреба за инвестирање во зајакнувањето на капацитетот на локалната власт и на претставниците на ГАЗ за развој на иницијативи и на проекти што ефективно може да ги апсорбираат средствата што се алоцирани во согласност со националните програми и буџетот. Како што е наведено во разговорите со националните институции, сериозното прашање на „поранешна југословенска Република Македонија‟ не е толку во недостигот на средства, туку во недостигот на локален капацитет за привлекување и трошење на алоцираните средства од националниот буџет за програми за Ромите.